**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403- 628/5**

**Скопје, 26.11. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НЕГОТИНО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Неготино сметка на Органот за 2006 година кои се прикажани на страните од 12 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Неготино за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ѓорѓи Ќимов – градоначалник на општина Неготино во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 11 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 27.08. до 19.09.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 10.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### 10.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека постои ризик плаќањата да не се направени само за примените добра и услуги.
Причина за овие ризици е непостоењето на разграничување на надлежностите и пишани процедури, што придонесува да се вршат плаќања по некомплетна, неуредна и неликвидирана документација.
**Препорака:**
Ревизијата препорачува надлежните органи да изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање.
Градоначалникот да назначи одговорно лице за ликвидирање на фактурите пред нивно одобрување за плаќање.

#### 10.1.2. Процес на плати

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на пресметка и исплата на плати на вработените во општина Неготино, ревизијата смета дека воспоставениот систем на интерни контроли за евиденција на присутноста не гарантира дека ќе бидат спречени исплати на плата за деновите кога вработениот не е присутен на работа, и постои ризик од неоткривање грешки при пресметката на платите.
Причина за овие ризици е недефинирана организациона структура и јасно разграничување на надлежностите во процесот на евиденција, пресметка и исплата на плати и отсуство на пишани процедури.
**Препорака:**
Градоначалникот да донесе интерни процедури со кои ќе се обезбеди поделба на надлежности во делот на пресметка, контрола, исплата и евиденција на платите во општината и да се активира системот за електронска евиденција на дневната присутност на вработените.

### 10.2. Неправилна примена на акти

10.2.1. Спротивно на одредбите од Законот за локална самоуправа и надлежностите предвидени во член 79 точките 11 и 26 од Статутот на општина Неготино, Советот на општина Неготино нема донесено одлуки за:

- издавање информатор за град Неготино заради туристичко-промотивно информирање на граѓаните и туристите за градот и околината;
- печатење весник „Инфобилтен на општина Неготино„;
- нема донесено ценовник за висината на цените за изнајмување рекламен простор во информаторот (цените ги утврдиле службите во секторот за општествени-јавни дејности).

Непочитувањето на законските одредби и интерните акти создава можности за субјективно одлучување на одговорните лица при располагањето со средствата на општината и ја намалува транспарентноста.

**Препорака:**

Градоначалникот и Советот на општина Неготино тргнувајќи од начелото на транспарентно и економично работење да ги почитуваат обврските предвидени со Статутот.

10.2.2. За патувањата во странство за градоначалникот не се донесени решенија за патување во странство согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци. Неизготвување решение за патување во странство придонесува за неутврдени трошоци кои ќе паднат на терет на средствата на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице во функција на транспарентност и законитост во работењето да ги почитува одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

10.2.3. Иако исплатата на надоместот за регрес за годишен одмор, не е утврдена со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2006 година, на вработените им е исплатен надомест за регрес за годишен одмор. Ваквиот начин на работење создава услови за недефинирано право на исплата на надомест за регрес за годишен одмор и зголемени трошоци.

**Препорака:**

Одлуката за извршување на буџетот на општината да ги содржи сите надоместоци што им следуваат на вработените во износи предвидени согласно законските прописи и насоките дадени од Министерството за финансии утврдени со циркуларот за изготвување на буџетот.

10.2.4. При исплата на надоместок за хранарина на вработените не им е задржувано за деновите кога истите биле службено отсутни и за тоа добивале соодветен надоместок во вид на дневници или отсуствувале од работа од други причини, што е спротивно на Законот за државни службеници и Одлуката за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2006 година. Причина за тоа е непочитувањето на претходно споменатите прописи и има за резултат ненаменско и незаконско трошење на средствата на Буџетот и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови исплатата на овој вид надоместок да се врши согласно позитивните законски прописи.

10.2.5. За изградба на водоводен систем за задоволување на потребите на населението од с. Долни Дисан службите на општина Неготино превземаат активности во однос на обезбедување средства како од сопствени извори така и од дополнителни извори по пат на донација ( од месното население и фирми-изведувачи), преку стоки и услуги без надомест или со надомест по пониски цени од цените кои можат да се постигнат со постапка за јавна набавка.

За ваквиот начин на изведба на работите не постојат договори за градба, договори за донација или други пишани документи и не е дефинирана финсиската конструкција за финансирање на објектот. Спротивно на Законот за сметководството на буџетите и

буџетските корисници не се евидентира инвестицијата во тек, така што на крајот од изведбата на системот тешко може да се утврди вкупната вредност на објектот по која објектот ќе се евидентира сметководствено кај субјектот кој ќе стопанисува со истиот.

**Препорака:**

- При изградба на објекти каде инвеститор е општината, при започнување на градба финсиската конструкција треба да биде затворена.
- Доколку во финасирањето учествуваат донатори со истите да се склучуваат договори за донација во кои ќе биде утврдена вредноста на стоката или услугата која е предмет на донација.
- За инвестициите во тек да се воспоставува сметководствена евиденција и по завршување на градбата по техничкиот прием да се изврши прекнижување од инвестиции во тек во градежни објекти.

### 10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.3.1. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и на одредбите за благајничко работење и ревизијата ги утврди следните неправилности:

- извршена е исплата на 69 илјади денари во поединечни износи повисоки од 100 евра во денарска противвредност;
- нема утврдено сметководствена политика за евидентирање на издавањето и користењето на верна картичките. Истите не се евидентираат како Побарувања од вработените за дадени аванси и на соодветната пасивна сметка што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На овој начин се создаваат услови за ненавремено раздолжување на лицата кои подигнале верна картички и придонесуваат до нереално проценување на билансните позиции. Овие податоци се предмет на интерна евиденција од страна на благајникот.

**Препорака:**

- Надлежната служба на општина Неготино да пропишат акт за благајничко работење во склад со позитивните законски прописи.
- Да се донесе интерен акт со кој ќе се утврдат можните корисници на Верна картички и за користењето на истите да се воведе соодветна евиденција.

10.3.2. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и ситен инвентар нема утврдено сметководствена политика која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на одредбите од претходно споменатиот закон и немањето на пишани процедури придонесува да не се изготвуваат приемници при приемот на материјалите и ситниот инвентар и издатници/ требувања од пооделните оделенија и служби на општината.

Општината не назначила одговорно лице кое ќе биде задолжено за ракување со материјалите и ситниот инвентар и за евидентирање на приемот и издавањето на материјалите и ситниот инвентар,  со што не постои увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**

Набавката на материјали и ситен инвентар треба да се регулира со општ акт со кој:

- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.4.1. Донесена е Одлука за утврдување на надоместоци на трошоците на членовите на Советот на општина Неготино, работните тела и органите на општина Неготино од 2001 година и измени од 2005 година, со која одлука покрај советниците, утврдени се и други носители на право на надомест од средствата на Буџетот на општина Неготино:

- надворешни членови на работните комисии на општина Неготино;
- членови на управни и училишни одбори делегирани од општината;
- матичари;
- членови на општинскиот советот за безбедност во општината;
- вработени лица во општината кои присуствуваат на седници на советот или неговите комисии.

Поради неусогласеност на Одлука за утврдување на надоместоци на трошоците на членовите на Советот на општина Неготино со член 45 и 100 од Законот за локална самоуправа, ревизијата утврди незаконски потрошени средства во износ од 552 илјади денари.

**Препорака:**

- Советот на Општина Неготино одлуките за висината на надоместоците за советниците да ги изготвува согласно постојната законска регулатива;
- Согласно законските надлежности Градоначалникот да превземе мерки во делот на операционализација на одлуките спротивни на постојната законската регулатива;
- За незаконски исплатените парични средства надлежнити органи да превземат мерки за враќање на истите.

10.4.2. Општина Неготино во 2006 година има извршено набавки на инвестициони материјали во вкупен износ од 603 илјади денари и тоа за:

- извршени се набавки на материјали за тековно одржување на јавното улично осветлување во износ од 546 илјади денари (живини сијалици, стакла за вандерми, пригушници, осигурачи и друго), кои се подигнати од лица вработени во „ЕСМ П.Е. Неготино“. За извршените замени не постои документ (налог за работа, спецификација на заменети делови, извештај од лице од општината што ќе потврди за потрошокот на материјалите) со кој би се оправдале овие набавки.
- извршени се набавки на градежни материјали во вкупен износ од 57 илјади денари (иверица, арматура, бетон), за кои набавки не се обезбедени доволно поткрепувачки документи за која цел се потрошени и кој е корисник на истите.

Немањето материјална евиденција за истите е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за оваа појава е дологогодишната воспоставена пракса. Несодветното ракување со залихите на материјали може да доведе до зголемени трошоци и можни злоупотреби.

**Препорака:**

Уредувањето, изградбата, одржувањето на инфраструктурните објекти за кои е задолжена општината да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со закон, а општината во рамките на своите овластувања да врши надзор во функција на квалитетно и времено извршување на истите.

10.4.3. Во текот на 2006 година Општина Неготино има ангажирано лица за извршување на работи и работни задачи за чие ангажирање не постојат пишани документи, а на ревизијата не и беа презентирани ниту докази односо извештаи за извршена работа од времено ангажираните лица. Ваквиот начин на постапување е спротивен на одредбите од Законот за работни односи и Законот за облигациони односи. На истите им е исплатен надоместок за времено ангажирање во вкупен износ од 80 илјади денари. За времено ангажираните лица во континуитет, почнувајќи од 23

април 2006 година, надлежните во општината биле должни да постапат согласно Законот за агенциите за привремени вработувања со што ангажирањето на овие лица ќе го усогласат со истиот. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени даноци и придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2006 година.

**Препорака:**

Ангажирањето на лица за слободните работни места да се врши во согласност со Законот за работни односи, според кој не е дозволено вработување на лица по договор за дело.

10.4.4. Ревизијата не се убеди во реалноста и објективноста за дел од расходите искажани на ставките:

- Поправка и тековно одржување во износ од 578 илјади денари;
- Капитални расходи во износ од 2,594 илјади денари,и
- Разни трансфери во износ од 96 илјади денари

Спротивно на член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, документацијата која е предмет на сметководствена евиденција не обезбедува доволно податоци за настанатата промена, односно трансакција.

Не се обезбедени работни налози и извештаи дека работата е извршена, не се наведува локацијата на извршувањето на работите, нема доказ дека средствата се примени од друг корисник, фактурите се без испратници, за фактурите кои се однесуваат за градежни работи на ревизијата не и беа презентирани градежни книги и градежен дневник.

Во најголем број случаи доставените фактури за градежни работи се потврдени од лице кое ниту е овластено од градоначалникот, ниту има квалификации да врши надзор над вакви работи (секретар на општина - правник).

**Препорака:**

Промените во сметководствената евиденција да се темелат на вистинити, веродостојни и уредни документи согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

10.4.5. За дел од расходите на ставката Други тековни расходи во износ од 496 илјади денари направени по основ на фактури за угостителски услуги не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од странство, од домашни институции);
- кој е корисник на услугата од општината и по кој повод истата е извршена.

Општина Неготино нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во странство, кој може да биде корисник на ваква услуга и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби).

**Препорака:**

Надлежните служби да донесат интерен акт – Правилник за репрезентација во кој јасно ќе биде утврдено кој и во кои случаи има право на репрезентација.

10.4.6. Од средствата на ставките Разни трансфери и Социјални бенефиции исплатени се 769 илјади денари како еднократна парична помош на физички лица за кои Градоначалникот самостојно одлучувал и донесувал решенија. Со Одлуката за извршување на буџетот не е регулиран начинот на користење на овие средства, ниту Советот на општината има донесено Програма за социјална заштита на населението која треба да се реализира. Ваквиот начин на работење на органите на општина Неготино не обезбедуваат транспарентност во нивното работење и создава можности за зголемени расходи и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови органите на општината да ги исполнуваат своите обврски што произлегуваат од Законот за локална самоуправа како и од Статутот на општината.

10.4.7. Во текот на 2006 година од средствата на општина Неготино направени се расходи во вкупен износ од 963 илјади денари од кои:

- 486 илјади денари за спортски активности,
- 255 илјади денари за културни манифестации,
- 222 илјади денари за подршка на здруженија на граѓани и невладини организации.

Исплатата на овие средства е по барања на спортски клубови, фондации, институции и поединци од областа на културата, како и на здруженија на граѓани и невладини организации на општина Неготино. За овие исплати Градоначалникот нема донесено решенија што е спротивно на член 63 од Законот за локална самоуправа ниту пак Советот на општина Неготино има донесено програма за активности во областа на спортот на општината и за подршка на здруженија на граѓани и невладини организации во општината што е спротивно на член 79 од Статутот на општината.
Ваквиот начин на менаџирање со средствата придонесува за субјективно одлучување и за ненаменско користење на истите.
**Препорака:**
Надлежните органи да изготват и донесат програми за одделни области, а за операционализација на истите да се постапува согласно позитивната законска регулатива.

## 10.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.5.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на проценетата вредност на позицијата Материјални средства, која во билансот на состојба е искажана во износ од 6,230 илјади денари, а поради следново:

- Не е извршена евиденција на имотот што општина Неготино го има добиено согласно Решението бр. 23-257/77 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Неготино врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. За имотот со кој располага и е нејзина сопственост, службите немаат обезбедено имотни листи од Државниот завод за геодетски работи Одделение за премер и катастар Неготино. Не е извршено утврдување на вредноста на имотот. Причина за ова е неажурноста на надлежните служби во општината.
- Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Неготино со состојба на 31.12.2006 година не е извршен во целост бидејќи е направен само физички попис на ситниот инвентар и на противпожарните возила добиени со превземањето на противпожарната единица, односно истите немаат вредност и не се книговодствено евидентирани, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Нецелосното согледување на состојбата на имотот на општината и неспроведување на потребните подготвителни работи за извршување на пописот, придонесува искажаната состојба на средствата и нивните извори на 31.12.2006 година да не ја претставуват реалната состојба на истите и доведува до нереални и необјективни финансиски извештаи.
**Препорака:**

- Да се утврди вредноста на имотот со кој располага општината и службата за сметководство да изврши евидентирање на истиот.

- Надлежните органи во општина Неготино да донесат интерни акти со кои јасно ќе се утврди начинот, постапките и процедурите за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, побарувањата и обврските согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.5.2. Ревизијата не доби уверување за реалноста на утврдената вредност на сметката Материјални средства во подготовка која во билансот на состојба е искажана во износ од 5,381 илјади денари. Ова е резултат на тоа што на ревизијата не и беше доставена целокупната документација за утврдената вредност, која како почетна состојба се пренесува од минати години. Оваа вредност се однесува за набавена опрема предавател, сателитска ТВ приемна станица и сателитски антени. Опремата е набавена во 1992 година, а општината ја дала на користење на Радио Телевизија Неготино, за кое не беше презентиран документ од надлежен орган, што е спротивно на Законот за локална самоуправа. Во 2006 година локалното радио престанува да постои како правен субјект. Службите на Општина Неготино немаат преземено мерки за расчистување на односите помеѓу општината и локалната радио телевизија во делот на отстапувањето на опремата.
**Препорака:**
Надлежните служби на општина Неготино да преземат мерки за враќање на сопственоста на опремата и врз основа на тоа да се изврши соодветна евденција во сметководството, а советот да донесе одлука за начинот на понатамошното располагање со истата.

10.5.3. Ставките Обврски спрема државата и други институции и Активни временски разграничувања се искажани во помал износ од 116 илјади денари поради непресметан и неплатен персонален данок од доход за исплата на:

- еднократна парична помош на физички лица во износ од 769 илјади денари,и
- ангажирање на физички лица за потребите на општината во износ од 80 илјади денари.

Непочитувањето на законските обврски придонесува за погрешно проценување на билансните позиции и нецелосни финансиски извештаи.
**Препорака:**
Службите на општина Неготино за непресметаниот и неисплатениот персонален данок на доход да преземат мерки за негова исплата и при исплати на физички лица да постапуваат согласно одредбите на Законот за персонален данок од доход.

10.5.4. Проценетата вредност на ставката Обврски спрема добавувачите во билансот на состојба во износ од 5,854 илјади денари е нереална и необјективна поради следново:

- Не е извршено евидентирање на обврски во износ од 965 илјади денари а кои се однесуваат на набавени добра и услуги во 2006 година, но поради неправилна сметководствена политика на навремено евиденитрање на обврските, истите се евидентирани во 2007 година.
- Применувајќи го методот на детални испитувања на салдата, кон добавувачите на општина Неготино беа доставени 16 конфирмации за усогласување на состојбите со кои се опфати 82,41% од проценетото салдо во Билансот на состојба на ден 31 декември 2006 година. Ревизијата обезбеди доказ дека состојбата не е реална бидејќи за 47% од салдото опфатено со тестирањата е искажано неусогласување.
- изкажани се обврски кон „Македонија пат“ во износ од 320 илјади денари по основ на ситуација од 2003 година. Во текот на 2005 година извршено е меѓусебно усогласување во кој извештај износот од 320 илјади денари не е предмет на побарување од Македонија Пат.

- не се евидентирани обврски кон ТП „ Конти“ Гевгелија во износ од 1,566 илјади денари поради немање на документација (фактури или ситуации), за што општина Неготино има потпишано и спроведено договор за цесија со Фондот за води на Република Македонија.

Ефект од овие наоди е нереално и необјективно проценување на ставката Активни временски разграничувања како кореспондентна сметка на сметката за Обврски спрема добавувачите.

**Препорака:**

- Настанатите обврски да се евидентираат во сметководствената евиденција на општината во периодот за кој се однесуваат,и
- Евидентирањето на обврските да биде врз основа на документи кои ќе обезбедат доволно елементи за потврда на настанот согласно член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**10.5. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи, спротивно на член 11;
- Со решението за потребата на одделната набавка не секогаш се утврдува количината на набавката и износот на средствата потребни за реализација на набавката, спротивно на член 12;
- Не се води Регистар на постапките за јавни набавки согласно член 17;
- Иако е формирана комисија за јавни набавки, постапката за јавна набавка ја спроведува правник-вработено лице во општината, а комисијата учествува во изготвувањето на евалуацијта на понудите што е спротивно на член 20;
- Членовите на комисијата за јавни набавки не поднесуваат изјава во писмена форма, заради обезбедување од конфликт на интереси, спротивно на член 21;
- Во записникот од јавното отварање на понудите нема податоци за присутни претставници на понудувачите при јавното отварање на понудите спротивно на член 46;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки согласно член 72 од законот;
- Кон тендерската документација не се приложува Образец на изјава со која понудувачите ги прифаќаат условите од повикот, модел на договор спротивно на членовите 5 и 6 од Правилникот за задолжителните елементи на тендерската документација;

10.5.2. Ревизијата не изразува мислење за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки со отворен повик 02/2005, 04/2005 и, 07/2005 поради ограничен делокруг на извршување на ревизијата а поради:

- недоставени документи на увид за економско-финасиската и техничка способност доставени од понудувачите;
- недоставени понуди од понудувачите,и
- недоставени извештаи за извршената евалуација.

10.5.3. Извршени се набавки во износ од 2,387 илјади денари без спроведена постапка со отворен повик спротивно на членовите од 55 до 58 од Законот за јавни набавки. (Прилог 1)

10.5.4. При увидот на спроведување на постапките за јавни набавки од мала вредност, ревизијата ги утврди следниве неправилности:
За спроведените набавки од мала вредност во вкупен износ од 1.022 илјади денари на ревизијата не и беа доставени на увид:

- покана за доставување на понуди до понудувачите по писмен пат;
- евалуација на доставените понуди и извештај за избор на најповолна понуда;
- доставени известувања на понудувачите за избран најповолен понудувач.

Ова е од причина што комисијата за јавни набавки не постапува согласно членовите 8, 10, 11, 12, 13, од Правилникот за набавки од мала вредност .

10.5.5. Во текот на 2006 година извршени се набавки од мала вредност во износ од 2.929 илјади денари за кои не се спроведени постапки согласно член 72 од Законот. (Прилог 2)

10.5.6. Извршени се објави на соопштенија од страна на локалното радио „Радио Неготино“ за износ од 153 илјади денари за кои не е спроведена постапка за јавна набавка со преговарање согласно член 66 од Законот.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.3. 10.4. и 10.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Неготино на 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките од 10.2. , 10.3. и 10.6. кај Органот на општина Неготино не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води општина Неготино:

- општината е тужена страна во судски спорови со правни и физички лица по основ долг во износ од 878 илјади денари кои постапки се во тек;
- општина Неготино заедно со ЈКП „Комуналец“ е тужена странка од правни и физички лица по основ на долг и надомест на штета во износ 3,338 илјади денари по основ на неплатен долг и штета;
- општина Неготино е тужител во спор со правни и физички лица во износ од 1,870 илјади денари по основ на градска рента и комуналии.
- со две лица (едно правно и едно физичко) се води спор за сопственост.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Неготино за годината која завршува со 31 Декември 2006 година.

**15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Неготино во текот на ревизијата:**
**15.1. Корекции кај Билансот на состојба**

- Извршени се корекции на ставките Побарувања и Пасивни временски разграничувања, т.е. извршено е сторнирање на Побарувањата по основ на даноци на имот и такса за истакната фирма во износ од 8,622 илјади денари кои побарувања се искажани и на сметката на Буџетот.
- Извршени се корекции на ставките Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите како во активата така и во пасивата, односно извршено е сторнирање на износот 284 илјади денари по основ на побарувањата од подрачните единици на Министерствата за финансии, транспорт и врски како корисници на простории во општинската зграда а за заедничките трошоци од работењето. Овие побарувања се евидентирани на сметката на Буџетот.
- Извршено е зголемување на вредноста на ставките Обврски спрема добавувачите, Обврски за примени аванси за 861 илјади денари како и на ставката Активни временски разграничувања во износ од 1,722 илјади денари како нивна кореспоидентна ставка, а поради прекнижување на погрешно евидентиран договор за тројна компензација.

**16. Ревизијата смета за неопходно да го истакне следново:**

Електро стопанство на Македонија П.Е. Неготино не врши уплата на средствата за такса од улично јавно осветлување на сметката на општината. Доставените фактури за потрошена електрична енергија за јавно осветлување општина Неготино ги евидентира како Обврски. За измирување на истите се спроведуваат меѓусебни компензации кои не се реализираат преку платниот промет на трезорскито систем, така што општина Неготино нема искажано ниту приходи од такса за јавно осветлување ниту има искажано трошоци за јавно осветлување. Спроведените компензации во 2006 година меѓу општина Неготино и ЕСМ се во износ од 5,867 илјади денари. Истата пракса продолжува и во 2007 година.

**17.Преземено мерки по препораките од предходна ревизија**

Во врска со преземените мерки по препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финасиските извештаи на Органот и Фондот за локални патишта и уредување на градежно земјиште на општина Неготино за 2000 година, и покрај промената во законската регулатива ревизијата утврди дека освен во делот на примена на начелото за буџетско сметководство не е постапено по препораките на ревизијата.

**Скопје, 20.11.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 46,154 | 17,227 |
| **Вкупно приходи** | | **46,154** | **17,227** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 7,423 | 5,636 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 7,677 | 7,489 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | | 0 | 595 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 2,399 | 1,421 |
| Социјални бенефиции | 3.2.4. | 398 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **17,897** | **15,141** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 28,257 | 2,086 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **28,257** | **2,086** |
| **Вкупно расходи** | | **46,154** | **17,227** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 316 | 4,237 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.2. | 0 | 198 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 7,249 | 4,510 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7,565** | **8,945** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 6,230 | 4,483 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 19,372 | 8,695 |
| **Вкупно постојани средства** | | **25,602** | **13,178** |
| **Вкупна актива** | | **33,167** | **22,123** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 5,854 | 4,510 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 861 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 0 | 198 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 534 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 316 | 4,237 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7,565** | **8,945** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 25,602 | 13,178 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **25,602** | **13,178** |
| **Вкупна пасива** | | **33,167** | **22,123** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **13,178** | **13,178** |
| **Зголемување по основ на:** | **13,242** | **13,242** |
| Набавки | 2,565 | **2,565** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 10,677 | **10,677** |
| **Намалување по основ на:** | **818** | **818** |
| Амортизација | 818 | **818** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **25,602** | **25,602** |